**Елена Јосимовска, Верица Јосимовска**

## ПРИДОНЕСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И УЧИТЕЛИТЕ ОД ШТИПСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА ЗА АФИРМАЦИЈА НА ТЕАТАРСКАТА ТРАДИЦИЈА НА ШТИП

Во сите историски прикази и истражувања за театарската дејност во Штип, неодминливо се споменуваат учениците и учителите, подоцна професорите, како актерски аудиториум врз кој почиваат почетоците и континуитетот на штипскиот театар. Дури, во извесни периоди од развојот, тие се единствените носители на таа дејност. Ваквиот придонес, на една денес занемарена категорија, заслужува да биде нагласено нотиран како историска детерминанта без која театарската уметност би била со помала историска афирмативност.

Театарот како значаен фактор за културното издигнување на народот со далекусежна социјална функција, со помош на училиштето, успеал да го премости времето на феудално-патријархалниот систем, ропскиот живот и крајно непријателскиот став на Православната црква кон театарската уметност. Долги години со помош на колективниот творечки дух на Штипјани, како израз на човековата потреба да ја подржува и преобразува стварноста, се негувал театарот без сцена.

Нашиот народен живот е преполн со елементи од театарски карактер, многу од народните обичаи кои се негуваат во Штип биле вистински фолклорни театри.
Сепак, првите театарски претстави во Штип тргнуваат од училишните дворови кога традиционално, на крајот од школската година, учениците и учителите приредувале драматизирани претстави.

Иако според усните кажувања на постарите, ваквите ученички претстави датираат и од многу порано, прв за тоа писмено ни соопштува учителот Даме Груев во своите „Спомени“[1]. каде вели: „Идната година (1895) на штипската сцена се даваа театарски преставии „Иванко“[2] и слични револуционерни пиеси. Земавме учество- јас, Гоце Делчев, Туше Делииванов, Јордан Ѓурков. По двегодишниот престој во Штип на сестрано активните револуционери на чело со Делчев и Груев, а и поради политичките настани во врска со комитската дејност, извесен период замреле театарските изведби,

---

[1] Љ.Лапе, Избрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје 1965, стр. 158.
[2] „Иванко, убиецот на Асен I“ од Васил Друмев издадена 1872 година.

освен оние во училишните дворови во Штип и Ново Село, на празникот Св. Кирил и Методи (24 мај) и на Петровден (12 јули) кога се делеле свидетелствата за успехот на учениците. Преку содржината на овие приредби се популаризирале ослободителните и патриотските идеи. Многу живи беа сеќавањата на старите Новоселци дека на една ваква приредба во првите години од 20 век, во училишниот двор во Ново Село, била драматизирана познатата песна „Хаџи Димитар“ од Христо Ботев што тие ја паметеа како „Жив е тој, жив е там на Балкана“.



*Од изведбата на оперетата „Печурки“ 1924 година, компонирана од проф. Сергеј Михајлов*

Во недостаток на релевантна архивска граѓа за овој период, драгоцен извор на податоци секако ни се ретките оскудни статии објавени во печатот, некои од публикуваните Спомени и сеќавањата на современиците врз кои ние денес се потпираме кога се обидуваме да направиме ретроспектива на развитокот на театарската дејност во Штип. Според тие сеќавања, што ги запишувале штипските „хронографи“ каков што бил и Коце Барутчија[3], театарската дејност започнува од штипско Ново Село[4] кога таму во почетокот на шеесеттите години од 19 век е отворено

[3] Коце Барутчија како и повеќето штипјани ги бележел сите поважни настани од историјата на Штип.

[4] Ново Село неколку векови не било споено со градот и долго време функционирало како „самостојна христијанска република“. Го имало апсолутниот примат во просветата и културата и во

Неделно училиште[5]. Во него се одвивала една поширока просветно-културна активност, се драматизирале мотиви од познати народни песни или приказни. Со еден збор Неделното училиште всушност имало своевидна улога на културен центар.

Постојат сеќавања од стари Штипјани, Петре Голов – Диндето и Петре Караѓозов, којшто ги запишал Атанас Николовски, тие ги паметеле Гоце и Даме како нивни учители и организатори на ученички приредби пред родителите и граѓанството.[6] Во првите месеци од јулската револуција на младотурците, 1908 година, на „штипската сцена“ неколку пати била репризирана драмата на Војдан Чернодриски „Македонска крвава свадба“. Главните улоги ги толкувале учителите-Штипјани: Наунчо Османков,[7] Славко Манев[8], Јордан Ѓурков,[9] Димитар Нетков, Мише Пилатов, Јордан Чемков, Трајчо и Марика Станчови.[10]

Пет месеци по крајот на Втората балканска војна, во Штип доаѓа чехот Карел Мор[11] за наставник по музика и пеење во штипската прогимназија, отворена на 29 октомври 1913 година. Тој во Штип веднаш основал ученички хор и формирал аматерска театарска група со ученици од прогимназијата. Но и овој обид за организирање на забавен живот во Штип траел многу кратко. Во почетокот на ноември 1916 година српските власти го напуштиле Штип а бугарските ја затвориле прогимназијата, во 1917 и 1918 година поради бројните австриски, германски и бугарски војски кои како резерва кантонирале во градот и ги запоседнале училишните згради.

Културниот живот во Штип доживеал нов подем непосредно по Првата светска војна. Театарската дејност повторно започнала во летото 1919 година и претставува продолжение на традицијата започната уште од времето на учителите Димитар Павлов, Јосиф Ковачев, Александар Захариев а подоцна и Гоце Делчев и Дамјан Груев. Шест месеци откако повторно била отворена прогимназијата, во учебната 1920/21 година,

---

него живеело богато и угледно градско население. Всушност во градот единствено Варош маалото (на просторот околу градската црква и под Исарот) било населено со христијани и по бројност било многу помало.

[5] Неделните,празнични или мисни училишта биле претходници на Читалиштата.

[6] Атанас Николовски, „Културни дејности и Институции на Штип“, НИП „ Трудбеник“ Скопје 1964

[7] Наум-Наунчо Османков покрај тоа што бил учител, бил голем талент за музика, 1905 година го формирал првото музичко друштво-оркестар

[8] Учител со Гоце Делчев, татко на проф. Тодор Маневиќ

[9] Учителот Јордан Ѓурков е автор една книга под наслов „Астибо“

[10] Сеќавања на Славко Манев, еден од актерите во претставата, што ги запишал Тодор Маневиќ

[11] Карел Мор е роден 1873 година во чешкиот град Белохрад, композитор на две опери и неколку оперети,а некое време бил и диригент на прашката филхармонија, имал и своја оперска дружина, во Штип дошол со намера да го изучува јужнословенскиот мелос.

прогласена за полна Реална гимназија на чело со директорот Лазар Трипковиќ. Културно-уметничкиот живот во Штип започнал со голем интензитет.

Ученици од помладата генерација на штипската гимназија до крајот на 1922/23 година ја продолжиле театарската активност за што ни сведочат сеќавањата на Боро Пингов, Благородна Бурева и Глигорие Ќурчиски.

За тоа време д-р Глигор Ќурчиски се сеќава: „Како ученици во вишите класови на гимназијата често приредувавме театарски престави под раководство на професорот Драгослав Илиќ. Ние изведувавме драмски дела, се сеќавам сум играл во „Лажа и паралажа", во „Ѓидо", „Покондирена тиква" и други драмски творби[12].



*Сцена од Покондирена тиква со Глигор Ќурчиски*



*Глигор Ќурчиски во претставата „Македонка"*

Под раководство на професорот по германски јазик и српска литература во штипската гимназија, Душан Будимировиќ, била формирана театарска група, главно од членовите на гимназиската литературна дружина „Напредок". Првата претстава на оваа дружина била изведбата на „Ќир Јања"од Јован Стерија Поповиќ, а потоа „Сржавецот" на Молиер со позајмени костуми од скопскиот театар.

Професорот Будимировиќ, останал во сеќавањата, како човек кој сиот живот често одел со цилиндер врз кратко шишаната коса, во бел сомотен елек и златен ќостек, во ренденгот пантолони „на штрафти", бели гети и црни лакирани чевли и секогаш со бастун со рачка од слонова коска под десната мишка. Иако бил преместен во Горни Милановац за наставник во тамошната гимназија, тој продолжил за Нови Сад

---

[12] Тодор Маневиќ, Културата и културните дејности во Штип меѓу двете светски војни, необјавен материјал.

на својата стара должност: секретар на здружението на српскиот народен театар „Матичин“.

Пред да го напушти Штип била одржана лицитација на која се продавале фотографските апарати на Даница, неговата сопруга, и другиот имот, за да ги отплати долговите што ги направил за успешна изведба на театарските претстави. Тој, синот на австрискиот полковник Кузман фон Будимировиќ, еден од ордонансите[13] на кајзерот Франц Јосиф, пораснат и воспитуван на виенскиот двор, често седел со татко му во виенскиот Бургтеатар, во близина на царската ложа. Студии завршил во Белград, а додека бил во Штип, во Загреб ја одбранил докторската дисертација „Драмските дела на дубровчанецот Марин Држиќ“.

На крајот на школската година, во јуни 1926 година со сопругата Даница и малиот Бранко, кој се родил во Штип, можеби со истиот пајтон со кој дошол преку Овче Поле пред три години, од никого не пречекан, заминал до железничката станица од никого не испратен. Зад него останал „златниот век на штипскиот театар со кого тој раководел“. [14]



Управникот на штипскиот театар Душан Цветковиќ, кој дошол на местото на Будимировиќ, во периодот по убиството на генерал Ковачевиќ (на 5 октомври 1927 година), откако три месеци останал без плата, во почетокот на 1928 година го предал инвентарот со гардеробата на чување во гимназијата, и сам со своето семејство го напуштил Штип.

Сергеј Михајлов, професор во штипската гимназија, во своите Спомени од тој период пишува:.... „ во градот настана мртвило кое траеше долго.

***Ученичката Благородна Бурева во улогата на Офелија, лик од драмата Хамлет***

[13] офицер

[14] Тодор Маневиќ, Театарската дејност во Штип 1895-1945, (текст во ракопис), 17-18.

Во 1929 година беа затворени и вишите класови на гимназијата, Штип остана без гимназија и без ниту една културна установа. Малку подоцна членовите на театарот (од некогашните 30 беа останале уште десетина), ме избраа за трети по ред Управник на Повластениот театар. Неколку години по ред се прикажуваа пиесите: Три бекрии, Ѓидо, Момината клетва, Скамполо, Сомнително лице, На сила лекар, Вообразениот болен, Ѕвонарот на Богородичната црква, Свет и др. Во тој период, се до 8 ноември 1936 година (кога се донесе одлука театарот да престане со работа) беа изведени и две обновени оперети: Мамзел Нитуш и Гејша.[15]

Но континуитетот на театарската дејност во Штип не престанал. Пак како што започнал, по патот на учениците од првите години после Првата светска војна, со повторното отварање на штипската гимназија од учебната 1935/36 година, група ученици извеле во градот бројни театарски претстави и други културни приредби заменувајќи го на тој начин затворениот градски театар. Првите најактивни членови на таа ученичката театарска група биле: Александар Фиданчев, Александар Драмски, Благој Попов, Боро Чешларов, Ванчо Прке, Владимир Манев, Ѓоко Митровиќ, Љубица Ристиќ, Љубомир Димитријевиќ, Михајло Карчев, Нада Јоциќ, Нада Хаџи Пецова, Павлина Фирева, Радмило Константиновиќ, Станка Гичева, Хранислав Левков и Цвета Дубарџиева. Првата театарска изведба на оваа група била „Брак на сила " од Плаут. Комедијата ја режирал наставникот Сергеј Михајлов и со неа учениците гостувале во Струмица, Радовиш и Кочани.



*Оперски сценски настап на Киро Савев и Станка Ѕигова, 1936 година*

Охрабрени од одличниот успех што го постигнале со комедијата на Плаут во 1936 година, учениците – артисти и нивниот режисер, во наредната 1937 година, се зафатиле со подготвување на комедијата „Зла жена“ од Јован Стерија Поповиќ. Како и претходната и оваа комедија граѓанството ја прифатило со голем интерес и задоволство.

[15] ДАРМ, Одделение Штип, Сергеј Михајлов, Мемоари, ракопис.



*Една од театарските претстави на учениците 1936 година*

Учениците со успех го замениле повластениот театар. Доказ за тоа била „Зла Жена“ која доживеала неколку изведби, што во тогашниот Штип, град со 11. 000 жители, било вистинска реткост.[16]

Во 1938/39 година учениците подготвиле две поголеми дела, француската комедија „Добар муштерија“, (последна претстава во старата Соколана) и „Кнез Иво од Семберија“.

Во меѓувреме и во 1940 година групата ги подготви и прикажа следните дела: Сомнително лице, Аналфабета, Нашите деца, Копче, Владата падна (преработка на бугарската комедија Службогонци од Иван Вазов).

За изведување на некои дела за кои не постоеше гардероба во магацинот на повластениот театар, со помош на управата на гимназијата биле користени костуми и друга гардероба од скопскиот народен театар (За Кнез Иво од Семберија и Сомнително лице). Освен тоа учениците –артисти и самите изготвувале кулиси и други театарски реквизити.

И оваа ученичка театарска група, исто како и штипскиот повластен театар, поголемиот број од преставите ги изведувала на сцената во старата сколана, која повеќе личела на штала отколку на театарска сала. Подоцна, со изградбата на новата соколана, учениците-артисти потполно се префрлиле во таа нова сала иако не била приспособена за театар.

[16] Сеќавања на проф. Тодор Маневиќ од Белград запишани 1953 година

Во школската 1939/40 поголем број од наведените ученици на гимназиската театарска група го завршиле гимназиското образование и го напуштиле Штип. Тоа е причина што во учебната 1940/41 година не е забележана никаква театарска активност. Причината за тоа секако треба да се бара и во фактот што Втората светска војна секако чукала на вратата. Старата вистина дека „кога оружјето зборува музите молчат“ се потврдила во потполност.

Во времето од 1940-1942 година со исклучок на 2-3 ученички манифестации театарски живот во градот немало. Во тој период учениците од штипската гимназија ја подготвиле македонската драма „Печалбари“ од Антон Панов, во режија на студентот Владимир Манев. Потоа во 1943 година учениците од гимназијата ја прикажале комедијата „Големанов“ од бугрскиот комедиограф Ст. Костов. Делото било одлично пдготвено и публиката многу добро го примила. И оваа генерација артисти- ученици покажала дека театарската уметност меѓу граѓаните на Штип живее и под услови на војна. Ученици, театарски активисти од овој период биле: Блага Делибашева, Галаба Цидрова, Дончо Арнаудов, Илија Пуздерлиски, Лазар Кескинов, Мијалче Коцев, Методи Николов, Ристо Цидров, Ристо Чепреганов, Светлана Чушкова, Станка Денкова, Тодор Трендафилов и други.



*Сцена од ученичката претстава „Козета“ изведена  1960 година*



Ваквата пракса на учениците и нивните учители продолжила и во првите децении по Втората светска војна за денес таквата пракса да биде напуштена во целост.

Затоа кога се пишува историјата на штипскиот театар неизоставно треба да им де даде признание на учениците и учителите од штипското образование, особено на Штипската гимназија на која и припаѓаат најголемите заслуги за негувањето на тетарските традиции.

Денешните генерации  за жал, како да се осудени на масовна култура каде јазот помеѓу квалитетната и масовната култура во Штип, секој ден се повеќе се продлабочува а театарот како институција полека се затвора во својот круг. Учениците остануваат далеку од убавините на театарската уметност.